Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва, Одлуката за намалување на бројот на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбори член 20 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со адреса на седиште на ул.Илинденска бр.18-А, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 28.05.2026 година во Тетово, ја донесе следната:

интерпромет
а. д.
Бр. 0201-512/1
28.05. 2026 год.
ТЕТОВО

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Статутот**
**на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул.Илинденска бр.18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, во согласност со Одлуката за намалување на бројот на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор на друштвото.

**Член 2**

**Членот 35 став 1** од Статутот на друштвото се менува и гласи:
Управниот одбор на Друштвото брои 3 члена.

Во останатиот дел, член 35 останува непроменет

**Член 3**

**Членот 45 став 1** од Статутот на друштвото се менува и гласи:
Надзорниот одбор брои 3 члена.

**Членот 45 став 3** од Статутот на друштвото се менува и гласи:
Најмалку еден член од Надзорниот одбор е независен член.

Во останатиот дел, член 35 останува непроменет

**Член 4**

Останатите одредби од Статутот на Друштвото остануваат непроменети.

**Член 5**

Се овластува и задолжува управниот одбор да изготви Пречистен текст на Статутот на Друштвото, како и да ги преземе сите со закон дозволени и пропишани дејствија заради упис на промените на Статутот и доставување на Пречистениот текст до Централниот регистар на Република Северна Македонија и Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На седницата на Собранието на акционери одржана на ден 28.05.2026 година, на која се одлучи да се намалат членовите во Управниот одбор и Надзорниот одбор од пет члена на три члена, се разгледа предлог-одлуката за измена и дополнување на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово. По кратка дискусија се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Собрание на акционери на
ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово
Претседавач:

____________________